СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 26 август 1970
Скопје
Број 22 Год. XXVI

Претплатата за 1970 година изнесува 100 динари. Овој број чини 2 динари. Жиро сметка бр. 401-1-16

159.

Врз основа на член 6 од Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето изградбата на споменик на Национално-ослободителната борба и Илинденското востание во Крушево, Дом на поезијата во Струга и спомен-дом на културата во Свети Николе („Службен весник на СРМ“ бр. 18/70), Извршниот совет донесува

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ ИЗНОСОТ НА УЧЕСТВОТО НА РЕПУБЛИКАТА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО ИЗГРАДБАТА НА ДОМ НА ПОЕЗИЈАТА ВО СТРУГА И СПОМЕН-ДОМ НА КУЛТУРАТА ВО СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 1970 ГОДИНА

I. Од средствата утврдени со член 1 и 3 од Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето изградбата на споменик на Национално-ослободителната борба и Илинденското востание во Крушево, дом на поезијата во Струга и спомен-дом на културата во Свети Николе им се доделуваат:

— на Општината Струга средства во износ од 2.500.000 динари;

— на Општината Свети Николе средства во износ од 1.600.000 динари.

II. Неискористените средства од претходната точка на оваа одлука се пренесуваат во наредната година.

Ш. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-1831/1
14 јули 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

160.

Врз основа на член 7 од Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето изградбата на спомен-домови на културата („Службен весник на СРМ“ број 18/70), Извршниот совет донесува

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ ИЗНОСОТ НА УЧЕСТВОТО НА РЕПУБЛИКАТА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО ИЗГРАДБАТА НА СПОМЕН-ДОМ НА КУЛТУРАТА ВО ТЕТОВО ВО 1970 ГОДИНА

I. Од средствата утврдени со член 1 и член 4 точка 4 од Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на спомен-домови на културата на Општината Тетово во 1970 година и се доделуваат средства во износ од 2.200.000 динари.

II. Неискористените средства од претходната точка на оваа одлука се пренесуваат во наредната година.

Ш. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-1831/1
14 јули 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

161.

Врз основа на член 31 од Законот за извршување на казните лишување од слобода, мерките за безбедност и воспитните мерки („Службен весник на СРМ“ бр. 16/70), Извршниот совет донесува

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НАПЛАТЕНИ ОД ПАРИЧНИТЕ КАЗНИ ИЗРЕЧЕНИ ОД СУДОВИТЕ ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ

I

Приходите од наплатените парични казни изречени од судовите од општа надлежност ќе се користат за изградба на судски згради во местата:

1. Кратово, за изградба на судска зграда за Општинскиот суд — 200.000 динари;

2. Ресен, за изградба на судска зграда за Општинскиот суд — 350.000 динари.

II

Средствата од точка I ќе ги користат општините на чие подрачје се гради судската зграда.

За користење на средствата републичкиот секретар за правосудство склучува договор со општината.

Со договорот се определува начинот за користењето на средствата определени со оваа одлука.

III

Средствата распределени со оваа одлука ќе се пренесуваат на користење секои шест месеци во односната година врз основа на изготвената техничка документација за објектот.

IV

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-1711/1
7 јули 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

162.

Врз основа на член 58 став 2 од Законот за финансирање на општествено-политичките заедници во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 9/65 и 5/67), Извршниот совет донесува

О Д Л У К А

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ПОМОШ НА ОПШТИНАТА КРИВА ПАЛАНКА ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИТЕ НЕПОГОДИ ВО МЕСЕЦ ЈУЛИ 1970 ГОДИНА

1. Од средствата на Резервниот фонд на Социјалистичка Република Македонија, се доделуваат на Општината Крива Паланка, 400.000 динари, за ублажување на последиците предизвикани од елементарните непогоди во месец јули 1970 година.

2. Средствата од претходната точка се доделуваат без обврска за враќање.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија"

Бр. 12-1942/1
14 јули 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

163.

Врз основа на член 23 став 1 алинеја 3 од Законот за музејските установи („Службен весник на СРМ" бр. 16/65), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ПРИРОДНО-НАУЧНИОТ МУЗЕЈ ВО СКОПЈЕ

1. Се именуваат за членови на Советот на Природно-научниот музеј во Скопје и тоа:

а) **со мандат од две години**

— БЛАГОЈА ПЕТРОВСКИ, професор во Гимназијата „Јосип Броз — Тито" во Скопје;

б) **со мандат од една година**

— ВЛАДИМИР ЗАБРИЈАКИН, директор на Зоолошката градина во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-1556/1
9 јуни 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

164.

Врз основа на член 23 став 1 алинеја 3 од Законот за музејските установи („Службен весник на СРМ" бр. 16/65), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА АРХЕОЛОШКИОТ МУЗЕЈ ВО СКОПЈЕ

1. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот членови на Советот на Археолошкиот музеј во Скопје:

— СПАСЕ СПИРОВСКИ

— инж. КРУМЕ ТОМОВСКИ.

2. За членови на Советот на Археолошкиот музеј во Скопје, со мандат од две години, се именуваат:

— ТИХО АРСОВСКИ, началник на Управата за урбанизам на Собранието на град Скопје;

— РИСТО ДАМЈАНОВСКИ, уредник во НИП „Нова Македонија" во Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-1552/1
9 јуни 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

165.

Врз основа на член 15 во врска со член 32 од Законот за театрите и другите сценско уметнички установи („Службен весник на СРМ" бр. 16/65), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА АНСАМБЛОТ ЗА НАРОДНИ ИГРИ И ПЕСНИ „ТАНЕЦ" ВО СКОПЈЕ

1. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот членови на Советот на Ансамблот за народни игри и песни „Танец" во Скопје:

— ЈЕГЕНИ ВЕСНИК

— ЗОРАН ВАНГЕЛОВ

— АНГЕЛИНА КОСТОВА

— БЛАГОЈА КОРУБИН

— АНГЕЛИНА КУЗМАНОВА.

2. За членови на Советот на Ансамблот за народни игри и песни „Танец" во Скопје, со мандат од две години, се именуваат:

— МИХАЈЛО ДИМЕВСКИ, музиколог во Институтот за фолклор на СРМ;

— БОРИС ПОПЃОРЧЕВ, заменик на главниот уредник на весникот „Вечер" во Скопје;

— ЈЕЛЕНА ПАТРНОГИЌ, костимограф во Народниот театар во Скопје;

— ЦЕВДАТ МУСТАФА, член на Градскиот комитет на Градската конференција на СКМ во Скопје;

— ТОМО ПУЛЕЈКОВ, судија на Окружниот суд во Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-1553/1
9 јуни 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

166.

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за усогласување на прописите за одделни установи основани од републички органи („Службен весник на СРМ" бр. 13/65), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ШУМИ ВО СКОПЈЕ

1. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот членови на Советот на Заводот за уредување на шуми во Скопје:

— д-р МИРКО АРСОВСКИ
— инж. НИКОЛА СПАСОВСКИ

2. За членови на Советот на Заводот за уредување на шуми, со мандат од две години, се именуваат:

— д-р СТРАШО ТОДОРОВСКИ, редовен професор на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје;

— д-р ДИМИТАР ИВАНОВ, член на Институтот за организација и економика на земјоделството и шумарството при Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-1557/1
9 јуни 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

167.

Врз основа на член 23 став 1 алинеа 3 од Законот за музејските установи („Службен весник на СРМ" бр. 16/65), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ИСТОРИСКИОТ МУЗЕЈ ВО СКОПЈЕ

1. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот членови на Советот на Историскиот музеј во Скопје:
— АЛЕКСАНДАР АПОСТОЛОВ
— ВЕНО БУНДОВСКИ
— ПАНЧЕ МИХАЈЛОВ

2. За член на Советот на Историскиот музеј во Скопје, со мандат од две години, се именува:

— ДРАГАН ТАШКОВСКИ, советник во ЦК СКМ.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-914/1
9 јуни 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

168.

Врз основа на член 15 став 1 алинеја 3 од Законот за театрите и другите сценско уметнички установи („Службен весник на СРМ", бр. 16/65), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ВО СКОПЈЕ

1. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот членови на Советот на Народниот театар во Скопје:
— БЛАГОЈА ИВАНОВСКИ
— АХИЛ ТУНТЕ

2. За членови на Советот на Народниот театар во Скопје, со мандат од две години, се именуваат:

— МЕТО ФОТЕВ, новинар во РТВ Скопје;

— РАДЕ БОЈАЏИЕВ, секретар на Културно-просветната заедница на град Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-1554/1
9 јуни 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

169.

Врз основа на член 6 од Законот за определување на работите што ги врши Радиотелевизија Скопје („Службен весник на СРМ" бр. 4/66), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ

1. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот на следните членови на Советот на Радиотелевизија Скопје:
— БУРХАН АДЕМИ
— ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ
— СТОЈМЕН МИХАЈЛОВСКИ
— ЛАЗО СОФИЈАНОВ

2. За членови на Советот на Радиотелевизија Скопје, со мандат од две години, се именуваат:

— ЉУПЧО АРНАУДОВСКИ, секретар на ГК СКМ Скопје;

— СЕЈФИДИН СУЛЕЈМАНИ, директор на албанската драма при театарот на народностите во Скопје;

— д-р ДРАГАН ТОДОРОВСКИ, вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје, и

— ДУШАН ЦРВЕНКОВСКИ, директор на Издавачкото претпријатие „Култура" во Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-912/1
9 јуни 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

170.

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за републичкиот фонд за унапредување на културните дејности („Службен весник на СРМ" бр. 14/65), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРНИТЕ ДЕЈНОСТИ

1. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за унапредување на културните дејности:
— БОРО МИТРИЧЕВСКИ
— ЦВЕТА ФИЛИПОВА
— ТОМЕ АРСОВСКИ
— ВИКТОРИЈА СОКОЛОВСКА
— ЛАЗО СОФИЈАНОВ
— БОРИС ВИШИНСКИ.

2. За членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за унапредување на културните дејности, со мандат од две години, се именуваат:

— ТОМИСЛАВ СИМОВСКИ, директор на Радио-Скопје;

— АЛЕКСАНДАР ЗДРАВКОВСКИ, потпретседател на Градската конференција на ССРНМ — Скопје;

— д-р ТОМЕ САЗДОВ, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје;

— ЗОРАН ПОПАНДОНОВ, шеф на Кабинетот на претседателот на Извршниот совет на СРМ;

— АНТОНИЕ НИКОЛОВСКИ, ковзерватор во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата;

— ТОМИСЛАВ ЗОГРАФСКИ, доцент на Високата музичка школа во Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-1558/1
9 јуни 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

171.

Врз основа на член 42 став 1 точка 3 од Законот за високото школство во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 15/65) и член 17 од Статутот на Вишата техничка школа во Битола, Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕН И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ВИШАТА ТЕХНИЧКА ШКОЛА ВО БИТОЛА

1. Се утврдува престанок на функцијата поради истекот на мандатот член на Советот на Вишата техничка школа во Битола:

— НИКОЛА ПАЛИГОРА.

2. За член на Советот на Вишата техничка школа во Битола, со мандат од две години, се именува:

— КОСТАДИН ЛОЗАНОВСКИ, судија во Окружниот суд во Битола.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-1551/1
9 јуни 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

172.

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за усогласување на прописите за одделни установи основани од републички органи („Службен весник на СРМ" бр. 15/65), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТЕН И НАСТАВЕН ФИЛМ ВО СКОПЈЕ

1. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот членови на Советот на Заводот за културно-просветен и наставен филм во Скопје:

— ВАСИЛ КУНОВСКИ

— д-р ВОИСЛАВ КУШЕВСКИ

— ЏЕВДАТ МУСТАФА.

2. За членови на Советот на Заводот за културно просветен и наставен филм во Скопје, со мандат од две години се именуваат:

— РАДМИЛА ПОПОВСКА, уредник во РТВ Скопје;

— НИКОЛА ПОПОВСКИ, советник во Републичката заедница за образование, и

— АЛЕКСАНДАР АНДРЕЕВСКИ, уредник во РТВ Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-1555/1
9 јуни 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

Службени објави

ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Републичкиот секретаријал за земјоделство и шумарство, во смисла на член 9, став 4 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат саден материјал, објавува дека во Регистарот на производители на саден материјал е запишана следната организација:

Ш **за шумарство:**

— Дрвниот комбинат „Огражден" од Берово, регистарски број 20, книга Ш, решение број УП/10-125 од 3. VII. 1970 година.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

При Окружниот суд во Скопје се води постапка по правната работа на тужителот Јулија Сотирова од Софија, ул. „Позитано" бр. 38 против тужениот Јордан Јанков од Скопје, сега во неизвесност, за развод на брак, под П. бр. 20/70.

Се повикува туженият Јордан Глигорие Јанков од Скопје, сега во неизвесност, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот, да се јави во судот или да ја соопшти сегашната адреса. По истекот на овој рок на туженият ќе му биде одреден привремен старател кој ќе го застапува во предметниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 20 од 17. IV. 1970 година. (56)

ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Рада Стојановска од с. Градешница поднесе тужба до овој суд за утврдување на брак со Стојан Стојановски од с. Градешница, сега во неизвесност. Бидејќи именованиот Стојан е во неизвесност и со непозната адреса, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди свој застапник. Во противно на истиот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 457/70. (57)

РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 55, страна 226, книга I е запишано следното: Се брише од регистарот на установите Народната аптека „Здравје" — Кратово, бидејќи се присоединува кон Здравствениот дом — Кратово, како работна единица во Кратово, согласно со одлуката бр. 518 од 29. XII. 1969 година на Здравствениот совет на Здравствениот дом — Кратово од одржаната седница на 18. XII. 1969 година, одлуката на Здравствениот совет на Народната аптека „Здравје" — Кратово од одржаната седница на 30. XII. 1969 година, решението бр. 08-4857 од 20. I. 1970 година и бр. 163 од 20. I. 1970 година на Собранието на општината Кратово

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр 11 од 17. III. 1970 година. (626)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 182, страна 952, книга I е запишано следното: На досегашните потписници на Централното основно училиште „Светлост" од село Рашче и тоа: Кроси Сами, директор, и Арифи Несат Шуретус, секретар, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За нови потписници на училиштето се назначени следните лица: Абедин Кроси, директор, и Мециде Касапи, секретар, сметано од 27. II. 1970 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 24 од 17. III. 1970 година. (629)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 360, страна 475, книга II е запишано следното: На досегашните потписници на Основното училиште „Симче Настовски" од село Вратница, Тетовско, и тоа: Наумовски Димче Јован, директор и Јаневски Новриja Младен им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на училиштето се назначени следните лица: Стојчевски Новак Бошко, директор, и Гавриловски Стојчев Славко, член на училишниот совет, сметано од 15. XII. 1969 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 154/69 од 26. III. 1970 година. (631)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 24. XI. 1969 година, страна 42, реден број 2 е запишана промената на досегашниот директор на Нижата музичка школа „Стеван Мокрањац" од Кочани, Ристо Стојанов Јуруков. За директор е именуван Љубомир Петров Стојановски.

Промената на директорот на установата е запишана во регистарот врз основа на одлуката бр. 65 од 25. IX. 1969 година на работничкиот совет на установата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 36/69. (654)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 29. IV. 1969 година, страна 195, реден број 3 е запишано присоединувањето на Центарот за предвојничка обука и рекреација „Осогово" од Кочани, кон Органот за народна одбрана на Собранието на општината Кочани.

Присоединувањето на Центарот за предвојничка обука и рекреација „Осогово" од Кочани е запишано во регистарот врз основа на решението бр. 01-1722/1 од 3. III. 1969 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 15/69. (660)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 27. III. 1969 година, страна 112, реден број 3 е запишана промената на досегашниот директор на Основното училиште „Маршал Тито" од Злетово, Благој Михајловски. За директор е именуван Јован Ризински.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа на решението бр. 02-151/1 од 12. VII. 1969 година на училишниот совет на училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 13/69. (661)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 18. IX. 1969 година, страна 113, реден број 3 е запишана промената на досегашниот в. д. директор на Народниот музеј од Штип, Елица Протогерова. За в. д. директор е именуван Кирил Ефремов.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа на решението бр. 201-2980/1 од 14. VII. 1969 година на Собранието на општината Штип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 23/69. (669)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 26. III. 1969 година, страна 113, реден број 2 е запишана промената на досегашниот в. д. директор на Народниот музеј од Штип, Војслав Санев. За в. д. директор е именувана Елица Протогерова.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа на решението бр. 0203-36/1 од 7. I. 1969 година на комисијата за избор и именување на Собранието на општината Штип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 12/69. (670)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 17. III. 1970 година, рег. бр. 3/70, е запишано следното: Се менува фирмата на Бирото за геолошки и рударски истражувања — Битола, и гласи: Биро за геолошки и рударски истражувања и експлоатација на минерални суровини — Битола.

Се проширува и дејноста на Бирото за геолошки и рударски истражувања и експлоатација на минерални суровини — Битола, уште со:

1. геолошко-рударски истражувања и експлоатација на сите минерални блага (метали, неметали, каустобиолити, води и гасови, украсен и градежен камен);

2. проектирање на истражни и експлоатациони работи и

3. отворање на индустриски погони за преработка и добивање финални производи од рудни и нерудни суровини.

Овие промени се извршени врз основа на одлуката бр. 02-234-2 од 17. VI. 1969 година на советот на установата — Рудници за геолошки и рударски истражувања — Битола и решението бр. 08-4155/1-69 од 13. II. 1970 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 15/70. (796)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 11. III. 1970 година, рег. бр. 129/65 е запишано следното: Основното училиште „Браќа Миладиновци" од село Рамна, Битолско, престана со својата работа и се брише од регистарот на установите, поради присоединување кон Централното основно училиште „Кирил и Методи" од село Цапари.

Оваа промена е извршена врз основа на решението бр. 11-3046/1 од 15. XII. 1969 година на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 12/70. (797)

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на установите, на 11. III. 1970 година, рег. бр. 23/66, е запишано следното: Централното основно училиште „Трајан Белев" од село Ѓавато, Битолско, престана со својата работа и се брише од регистарот на установите поради

присоединување кон Централното основно училиште „Кирил и Методи", село Цапари.

Оваа промена е извршена, врз основа на решението бр. 11-3046/1 од 15. XII. 1969 година на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 10/70. (798)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 20. III. 1970 година, рег. бр. 82/65 е запишано следното: Се проширува дејноста на Стручното угостителско училиште со практична обука „Ванчо Питошевски" од Охрид, уште со сместување и исхрана на патници и туристи.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 02-74 од 2. III. 1970 година на советот на работната заедница на Стручното угостителско училиште „Ванчо Питошевски" — Охрид и решението бр. 06-200 од 17. III. 1970 година на Одделението за инспекциски служби на Собранието на општината Охрид.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 18/70. (799)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 392, страна 613, книга II е запишано следното: На досегашниот потписник на Основното училиште „Јане Сандански" — Скопје, ул. „124" — „Дуќанџиќ", Душан Дракалски, му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на училиштето е назначен Георгиевски Ристо, кој училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето со старите регистрирани потписници и тоа: Сиљанова Ирена, службеник, и Ташкова Мирјана, дактилограф-администратор, сметано од 23. XI. 1969 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 135/69 од 19. V. 1970 година. (882)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 647, страна 719, книга III е запишана под име: Дирекција за туризам „Гевгелија турист" во Стар Дојран. Предмет на работењето на дирекцијата е координација и насочување развитокот на туристичкото стопанство во општината Гевгелија.

Дирекцијата е основана од Собранието на општината Гевгелија, со решението бр. 01-872 од 7. IV. 1970 година.

Установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Јован Крстев, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 62 од 17. V. 1970 година. (984)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 648, страна 723, книга III е запишана под име: Установа за чување на полски имоти, ул. „Маршал Тито" бр. 1 — Кавадарци. Предмет на работењето на установата е чување на полските имоти, стопанисување со пасиштата и општонародниот имот на подрачјето на општината Кавадарци.

Установата е основана од Народниот одбор на градската општина Кавадарци, со решението бр. 1963 од 9. IV. 1955 година (потврда бр. 01-1668 од 3. IV. 1970 година на СО — Кавадарци.

Установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Димов Љубо, в. д. управник. Тој ќе ги потпишува сите акти со исклучок на актите од другите самоуправни органи и ќе ја задолжува и раздолжува установата, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 47 од 3. VI. 1970 година. (1078)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 25. V. 1970 година, рег. бр. 5/70, е запишана под име: Дирекција за регионално и просторно планирање на регионот — Струга — Охрид — Ресен, со седиште во Охрид. Предмет на работењето на дирекцијата е регионално и просторно планирање.

Дирекцијата е основана од Собранието на општините Струга — Охрид — Ресен.

Дирекцијата ќе ја потпишува Пантелеј Митков директор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 27/70. (1083)

РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 17. VII. 1969 година, страна 356, реден број 1 е запишано основањето на Продавница, со седиште во Штип, (над болницата).

Продавницата ќе врши продажба на мало на сите видови колонијално-прехранбени и индустриски стоки, како и стоки потребни за домаќинството.

Продавницата е основана од Трговската работна организација „Центроколонијал" од Скопје.

Раководител на продавницата е Љилјана Николова Илиева, која не е овластена да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичната организација.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот, врз основа на одлуката на работничкиот совет на организацијата од 22. III. 1969 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 247/69. (711)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 17. VII. 1969 година, страна 355, реден број 1 е запишано основањето на Продавница на големо и мало, со седиште во Штип, ул. „Ванчо Прке" бр. 43.

Продавницата ќе врши продажба на сите видови индустриски и прехранбени стоки; на земјоделски производи и репродукциони материјали; на сувомесни производи, млеко и млечни производи; на житарски производи, како брашно, трици и концентрати; на гумени и пластични производи, електрични материјали и други производи.

Продавницата е основана од Трговското угостителско претпријатие на големо и мало „Снежана" од Ѓорче Петров.

Раководител на продавницата е Лазо Зенделов, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 980 од 5. V. 1969 година, на работничкиот совет на претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 265/69. (712)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 669, страна 1689, книга V е запишана под фирма: Деловно здружение за полјоделство и механизација „Агромакедонија" — Скопје — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Продавница број 3 во Скопје, ул. „Пазар аеродром". Предмет на работењето на продавницата е продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци во оригинално пакување.

Продавницата е основана од Извршниот одбор на Деловното здружение за полјоделство и меха-

низација „Агромакедонија“ — Скопје, со одлуката бр. 11000 од 26. XII. 1968 година.

Раководител на продавницата е Милан Денковски.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува здружението, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 582/69 од 7. IV. 1970 година. (774)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 357, страна 229, книга II е запишана под фирма: Трговска работна организација „Врутокооп“ — Гостивар — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Продавница број 1 во Скопје, ул. „11 Октомври“ бр. 118. Предмет на работењето на продавницата е продажба на автоделови.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговската работна организација „Врутокооп“ — Гостивар, со одлуката од одржаната седница на 14. II. 1970 година.

Раководител на продавницата е Боривоје Поповиќ.

Организацијата на здружен труд без својство на правно лице — Продавница број 1 во Скопје, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 204 од 7. IV. 1970 година. (775)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1346, страна 280, книга VI е запишано под фирма: „Универзал“ — Генерална трговачка заступништва — Београд — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Претставништво во Скопје, ул. „Иво Рибар — Лола“ бр. 1. Предмет на работењето на претставништвото е застапување на странски фирми. Претставништвото е основано од работничкиот совет на „Универзал“ — генерална трговачка заступништва Београд, со одлуката од одржаната седница на 13. III. 1969 година.

Организацијата на здружен труд без својство на правно лице — Претставништво во Скопје ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Сотировски Илија, раководител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 727 од 17. III. 1970 година. (776)

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. III. 1970 година, рег. бр. 9/70, книга I е запишана под фирма: Продавница во Битола, ул. „Маршал Тито“ бр. 118а, на Трговското претпријатие „Антилоп“ од Београд. Предмет на работењето на продавницата е промет со чевли, на мало.

Раководител на продавницата е Лукиќ Живка.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Антилоп“ од Београд, со одлуката бр. 365 од 14. III. 1969 година на работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува Бобич Михајло.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 119/70. (803)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 18. III. 1970 година, рег. бр. 8/70, книга I е запишано под фирма: Бифе во Битола, булевар „1 Мај“ бр. 65, на Синдикалната подружница при Одделението за внатрешни работи — Битола. Предмет на работењето на бифето е промет со безалкохолни пијалоци, сувомесни производи, млечни производи, бели печива, конзервирани производи, чоколадни и вафел производи, пиво, цигари и кибрит.

Раководител на бифето е Ѓорѓиевски Ѓорѓи.

Бифето е основано од Извршниот одбор на Синдикалната подружница на Одделението за внатрешни работи — Битола, со одлуката бр. 589 од 5. III. 1970 година.

Бифето ќе го потпишуваат Дамевски Бранко и Ѓорѓиевски Ѓорѓи.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 110/70. (804)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 4. III. 1970 година, рег. бр. 7/70, книга I е запишана под фирма: Бензинска помпа, со седиште во Битола, ул. „Прилепска“ бб, на Трговското претпријатие за промет со нафта и нафтени деривати „Југопетрол“ — Скопје. Предмет на работењето на бензинската помпа е продажба на нафта и нафтени деривати и разни ситни авто-делови.

Раководител на бензинската помпа е Крстевски Стојан.

Бензинската помпа е основана од Трговското претпријатие „Југопетрол“ — Скопје, со одлуката бр. 827 од 7. V. 1968 година на работничкиот совет.

Бензинската помпа ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 90/70. (805)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 4. III. 1970 година, рег. бр. 1/65, книга I е запишана под фирма: Продавница „Илинден“ во Битола, ул. „Илинденска“ бб, на Трговското претпријатие „Разнопромет“ од Битола. Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијални стоки.

Раководител на продавницата е Алтипармаковски Димитар.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Разнопромет“ од Битола, со одлуката на работничкиот совет од 4. VI. 1968 год.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 91/70. (806)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 16. III. 1970 година, рег. бр. 1/65, книга I е запишана под фирма: Продавница „Бела Чешма“ во Битола, ул. „Прилепска“ бр. 56, на Трговското претпријатие „Разнопромет“ од Битола. Предмет на работењето на продавницата е промет со прехранбени стоки и предмети за куќни потреби.

Раководител на продавницата е Трајковска Марика.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Разнопромет“ — Битола, со одлуката бр. 0101 од 17. II. 1968 година на работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 92/70. (807)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. III. 1970 година, рег. бр. 8/55, книга II е запишана под фирма: Продавница број 34, во Прилеп, ул. „Кузман Јосифовски“ бр. 80, на Трговското претпријатие „Моноверзал“ — Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите видови жита и брашно.

Раководител на продавницата е Иван Петрески.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Моноверзал“ од Прилеп, со одлуката на работничкиот совет од 5. XII. 1969 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и основачот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 114/70. (808)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. Ш. 1970 година, рег. бр. 8/55, книга П е запишана под фирма: Продавница број 33 во Прилеп, ул. „Караорман“ бр. 17, на Трговското претпријатие „Моноверзал“ од Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба и промет на сите видови жита, пченица, јачмен, 'рж, овес, пченка и сите видови на производи од жита, пченично, јачмено и пченкарно брашно, брашно од 'рж и од овес.

Раководител на продавницата е Ристо Јавановски.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Моноверзал“ од Прилеп, со одлуката од работничкиот совет од 5. XII. 1969 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 115/70. (809)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20. Ш. 1970 година, рег. бр. 8/55, книга П е запишана под фирма: Продавница број 35 во село Дебреште, ул. „Маршал Тито“ бр. 126, на Трговското и посредничко претпријатие „Моноверзал“ од Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите видови жита, сите видови мелнички производи и сите видови на сточни концентрати.

Раководител на продавницата е Гога Мирчески.

Продавницата е основана од Трговското и посредничко претпријатие „Моноверзал“ од Прилеп, со одлуката од работничкиот совет од 5. XII. 1969 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 116/70. (810)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 9. Ш. 1970 година, рег. бр. 6/70, книга I е запишан под фирма: Технички сервис ЕИ — Прилеп, ул. „Маршал Тито“ бр. 56, на Електронската индустрија — Ниш. Предмет на работењето на сервисот е вршење на технички сервис — односно сервисно одржување на сите свои производи во гарантниот и надвор од гарантниот рок и тоа од деловната просторија, во просторијата на купувачот било во градот или надвор од градот; сервисно одржување под исти услови и на производите од дејноста на ЕИ — Ниш, произведени од други претпријатија и монтирање на сите производи на ЕИ — Ниш и производите на другите работни организации кои произведуваат производи исти или слични на производите на ЕИ — Ниш.

Раководител на сервисот е Илиевски Ангелко.

Сервисот е основан од Електронската индустрија — Ниш, со одлуката на работничкиот совет бр. 364-01/16 од 29. IX. 1969 година.

Сервисот ќе го потпишува истото лице што го потпишува и основачот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 94/70. (811)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. Ш. 1970 година, рег. бр. 26/56, книга П е запишана под фирма: Самостојна организација на здружен труд во својство на правно лице — угостителство — Прилеп, на Автотуристичкото претпријатие „Пелагонија-турист“ — Прилеп. Предмет на работењето на организацијата е вршење на угостителска дејност.

Раководител на организацијата е Симоновски Гога.

Самостојната организација е основана од Автотуристичкото претпријатие „Пелагонија-турист“ од Прилеп, со одлуката бр. 287 од 5. I. 1970 година на работничкиот совет.

Организацијата ќе ја потпишуваат Миноски Благоја и Велески Драгомир.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 109/70. (812)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. Ш. 1970 година, рег. бр. 4/57, книга П е запишана под фирма: Продавница во Ресен, ул. „11 октомври“ бр. 36, на Дрвно-индустрискиот комбинат „Црн бор“ од Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба на готов намештај кој го произведува основачот и продажба на производи од други претпријатија поради дополнување на асортиманот.

Продавницата е основана од Дрвно-индустрискиот комбинат „Црн Бор“ од Прилеп, со одлуката бр. 02-12535 од 24. X. 1968 година на работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува Стрезов Поско, раководител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 65/70. (813)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 669, страна 286, книга VI е запишано под фирма: Деловно здружение за полјоделство и механизација „Агро-Македонија“ — Скопје — Самостојна организација на здружен труд со својство на правно лице — Опитно производно земјоделско стопанство во село Врапчиште, Гостиварско. Предмет на работењето на опитното стопанство е опитно производство на земјоделски производи и одгледување на животни со племенито крзно.

Опитното стопанство е основано од Извршниот одбор на Деловното здружение за полјоделство и механизација „Агро-Македонија“ — Скопје, со одлуката бр. 10774/2 од 31. X. 1969 година од одржаната седница на 4. IX. 1969 година.

Раководител на опитното стопанство е Деспот Алексовски.

Самостојната организација на здружен труд со својство на правно лице — Опитно производно земјоделско стопанство во село Врапчиште ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Деспот Алексовски, раководител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 995/69 од 23. IV. 1970 година. (839)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 461, страна 288, книга VI е запишано под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало „Тргокооп“ — Скопје — Организација на здружен труд — Стовариште во Куманово, ул. „11 Октомври“ бб. Предмет на работењето на стоваришето е промет со возила, резервни делови и прибор, земјоделски машини и алати, разладни уреди на големо и мало.

Стоваришето е основано од работничкиот совет на Трговското претпријатие на големо и мало „Тргокооп“ — Скопје, од одржаниот состанок на 16. Ш. 1970 година.

Стоваришето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Тихомир Костиќ, раководител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 273 од 24. IV. 1970 година. (840)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 44, страна 331, книга I е запишано под фирма: Производно претпријатие за лесна и полутешка конфекција, пиротски и персиски килими „Младост“ — Кичево. Предмет на работењето на претпријатието е да произведува лесна и полутешка конфекција, пиротски и персиски килими.

Претпријатието е основано од Собранието на општината Кичево, со решението бр. 02-5957/1 од 31. XII. 1969 година.

Производното претпријатие за лесна и полутешка конфекција, пиротски и персиски килими „Младост" — Кичево ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Николоски Јован, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 292 од 23. IV. 1970 година. (841)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 141, страна 149, книга Ш е запишана под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало „Вардар" — Неготино — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Продавница за колонијал број 8 во село Паликура, Кавадарско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијална стока.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговското претпријатие на големо и мало „Вардар" — Неготино, со одлуката од одржаната седница на 26. I. 1970 година.

Раководител на продавницата е Настов Димче Блажо.

Продавницата за колонијал ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје. Фи. бр. 192 од 23. IV. 1970 година. (842)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 50, страна 527, книга IV е запишана под фирма: Претпријатие за изработка на офицерски и цивилни облекла „22 декември" — Скопје — Организација на здружен труд — Продавница во Скопје, ул. „Ѓуро Салај" број 1. Предмет на работењето на продавницата е продажба на штофови на мало.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Претпријатието за изработка на офицерски и цивилни облекла „22 декември" — Скопје, со одлука од одржаната седница на 6. XI. 1969 година.

Раководител на продавницата е Ќаздов Борис.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1101/69 од 27. IV. 1970 година. (843)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 545, страна 153, книга Ш е запишано под фирма: Фудбалски клуб „Рудар", село Извор, Титоввелешко — Самостојна организација на здружен труд без својство на правно лице — Бифе во село Извор, Титоввелешко. Предмет на работењето на бифето е продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци и конзервирани месни производи.

Бифето е основано од управниот одбор на Фудбалскиот клуб „Рудар", село Извор Титоввелешко, со одлуката број 4 од 17. II. 1969 г. од одржаната седница на 13. III. 1967 година.

Раководител на бифето е Ристовски Александар.

Самостојната организација на здружен труд без својство на правно лице — Бифе во село Извор, Титоввелешко, ќе го потпишува, задолжува и раздолжува основачот, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 631/69 од 20. IV. 1970 година. (844)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 77, страна 275, книга VI е запишана под фирма: Претпријатие за дрвна индустрија „Треска" — Скопје — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Продавница за мебел „Треска" — Титов Велес, ул. „Благој Ѓорев" бр. 2. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мебел од сопствено производство и производи од други дрвно-индустриски претпријатија како дополнение на асортиманот.

Продавницата е основана од работничкиот совет на претпријатието за дрвна индустрија „Треска" — Скопје, со одлуката од одржаната седница на 28. III. 1969 година.

Раководител на продавницата е Цветковски Перо.

Организацијата на здружен труд без својство на правно лице — Продавница за мебел „Треска" во Титов Велес ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 343/69 од 23. IV. 1970 година. (845)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 364, страна 315, книга П е запишана под фирма: Пољопривредни комбинат „Београд" — Београд — Падинска Скела — Самостојна организација на здружен труд — Индустрија за преработка на зеленчук „Тетово" — Тетово. Предмет на работењето на индустријата е производство и продажба на сите видови конзерви, овошје, варива и месо, сопствено и услужно ускладиштување и одржување на овошје, вариво и месо, откуп и купопродажба на сите видови овошје, варива и месо, млеко и млечни производи, сите видови ладење и сортирање на сопствени селскостопански производи и месо, како и на откупени селскостопански производи и месо.

Индустријата е основана со присоединување на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Гроцка" кон Земјоделскиот комбинат „Београд" — Београд — Падинска Скела, согласно со одлуката бр. 5603 од 7. X. 1969 година на работничкиот совет на ПИК Гроцка и заклучокот на работничкиот совет на Земјоделскиот комбинат „Београд" — Београд — Палинска Скела од одржаниот состанок на 30. I. 1970 година.

Самостојната организација на здружен труд — Индустрија за преработка на зеленчук „Тетово" — Тетово ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Андро Јанковски, в.д. директор, и инженер Дабевски Слободан, сметано од 8. IV. 1970 година.

